ПРВ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ЗА ПАТИШТА 2019

FIRST MACEDONIAN ROAD CONGRESS 2019

**ПРВО СООПШТЕНИЕ**

Почитувани,

Ни претставува чест и задоволство да Ве поканиме на **Првиот Македонски Конгрес за патишта**, кој ќе се одржи на **7 – 8 ноември 2019** година во **Скопје**, во хотелот „**Double Tree by HILTON**“.

Очекуваме овој Прв Македонски конгрес за патишта да претставува успешен почеток на една традиција во организација на вакви научно – стручни собири.

Воедно, овој Прв Македонски конгрес за патишта треба да биде голем регионален собир на сите авторитети од областа на патиштата и тоа не само од соседните земји, туку и од Европа.

Првиот Македонски Конгрес за патишта се организира под Покровителство на Премиерот на Владата на РС Македонија, на иницијатива на Друштвото за патишта на Македонија (ДПМ), а во соработка со Градежниот факултет (ГФ), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ), Јавното претпријатие за одржување на патишта (ЈПДП), Јавното претпријатие „Македонијапат“ и Комората на овластени архитекти и овластени инженери (КОАОИ).

Овој Прв Македонски конгрес за патишта се организира во чест на неколку големи јубилеи и тоа:

- 70 години од основање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“
- 70 години од основање на Градежниот факултет во Скопје
- 50 години од основање на Друштвото за патишта на Република Македонија.

Во прилог на Конгресот е и големиот инвестициски циклус во патната инфраструктура кој се одвива во РС Македонија во висина од преку 1 млрд евра, изразена преку изградба на 2 автопати, неколку експресни патишта и повеќе регионални патишта.

**Теми** на претстојниот Прв Македонски конгрес за патишта се:

- ✓ Планирање и проектирање
- ✓ Управување, изградба и одржување
- ✓ Безбедност на сообраќајот на патиштата
- ✓ Заштита на животната средина и одржлив развој
- ✓ Инфраструктурни објекти
- ✓ Транспортна политика и финансирање
- ✓ ITS и нови технологии во сообраќајот
- ✓ Слободни и сродни теми од областа на патишта и презентација на нови проекти

Во оваа прилика, ги повикуваме сите домашни и странски експерти да ги презентираат своите истражувања и искуства во областа на патиштата по предвидените теми.

За сите учесници на Конгресот предвидена е котизација, со скала на попуст за рано пријавување. За докторандите и студентите на постдипломски студии на Градежните факултети следи дополнителен попуст.

Истотака, ги повикуваме сите домашни и странски компании да ја помогнат организацијата на овој голем меѓународен собир, преку промоција и реклама на нивните компании, со одбирањето на еден од спонзорските пакети.

**Рокови:**

| Активност | Датум |
|---|---|
| Рок за праќање на апстракти | **15. 7. 2019** |
| Прифаќање на апстракти | **25. 7. 2019** |
| Рок за праќање трудови | **30. 9. 2019** |
| Известување за прифаќање на трудови | **15. 10. 2019** |
| Рок за пријавување на учесници | **31. 10. 2019** |
| Дата на конгресот | **7 – 8. 11. 2019** |

## Котизација за учество на конгресот

- За учесници од странство

| | |
|---|---|
| До **30. 7. 2019** | **180 €** |
| До **30. 9. 2019** | **200 €** |
| По **30. 9. 2019** | **220 €** |

- За учесници членови на ДПМ и коорганизатори

| | |
|---|---|
| До **30. 7. 2019** | **100 €** |
| До **30. 9. 2019** | **120 €** |
| По **30. 9. 2019** | **130 €** |

Попустот важи за членови на ДПМ со платена членарина за 2018 и 2019 год.

За редовни студенти и постдипломци, следи попуст од 50%.

За докторанди, следи попуст од 25%.

Со една котизација овозможено е објавување на 2 труда од ист автор.

Во котизацијата е вклучено:

- ✓ Присуство на Конгресот и на сите предавања
- ✓ Примерок од печатениот Зборник на апстракти
- ✓ Примерок од Зборникот на трудови на УСБ
- ✓ Сите дополнителни конгресни и промотивни материјали
- ✓ Коктел за добредојде
- ✓ Освежување за време на паузите предвидени со Програмата на Конгресот
- ✓ Ручеци предвидени со Програмата на Конгресот
- ✓ Свечена вечера
- ✓ Примерок од научно – стручното списание „Патишта“
- ✓ Сертификат за учество на конгресот од КОАОИ вреднуван со CPD поени

**Напомена:** Во котизацијата не е вклучено хотелското сместување!

Сите дополнителни информации во врска со Конгресот, можете да ги најдете на интернет страницата: www.prvkongreszapatista.mk на која можете да извршите пријавување за учество и праќање на апстракти.

**Контакт:**

Друштвото за патишта на Македонија „Via Vita“

(Градежен факултет)

П. Фах 560

Бул. „Партизански одреди“ бр. 24

1000 Скопје

E-mail: contact@prvkongreszapatista.mk